Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА
## одржана на 20 април 2012 година во Дојран


**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***



***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***Одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**..........................................................................................................7

**Проф. д-р Благоја Маркоски**

Дојранска Котлина..........................................................................................9

**Проф. д-р Марија Ацковска, Доц. д-р Неда Петровска**

Потенцијани извори на финансирање на туризмот во Дојранскиот регион...15

Проф. д-р **Гордана Панова**

Лековитоста на Дојранското Езеро.........................................................21

**Проф. д-р Ристе Темјановски**

Подобрување на патната инфраструктира во регионот на Дојранското Езеро за поттикнување на поинтензивен туристички развој.............................................27

**Доц. д-р Рубин Земон**

Популаризација на антрополшките вредности на Дојранскиот регион како можност за развој на туризмот.....................................................................39

**Доц. д-р Виолета Мацова**

Средствата на ИПАРД во функција на поттикнување на туризмот во Дојран...........................................................................................................53

**Доц. д-р Маргарита Матлиевска**

Осврт на проектот „Спас на Дојранското Езеро“...............................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Џалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран........................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран..........................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро..........................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот..............................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион..........................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран..........................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион..............................................................................................147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран......155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)......161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион......171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран......185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран......191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран......197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-р Ванѓа Димитриева – Кузамноска**

Секојдневното користење на традиционалните носии во угостителските објекти како една развојна точка за усовршување на туризмот во Дојранскиот регион......................................................................................................................219

**М-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, М-р Зоран Темелков, М-р Костадинка Чабулева**

ИПА Фондови: Можности и перспективи за развој на туризмот во Дојранскиот регион......................................................................................................................225

**Бранко Бизоев**

Дестинациската менаџмент компанија како можност за поголема афирмација на културните и гастрономски вредности на Дојранскиот регион......................................................................................................................233

**Тихомир Ручкоманов**

Дојранска бартер берза.....................................................................................................245

**Петранка Чалков**

Рибарството и аквакултурата во Дојранскиот регион......................................253

**Ефтимова Елизабета, Дукова Маја**

Алтернативни форми на туризмот во Дојранскиот регион.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** ………………………………………………………………...269

## ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**Петранка ЧАЛКОВ**

# РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН

## АПСТРАКТ

Обработената материја одговара целосно на поставената цел и е од голема корист за придонес во развојот на туризмот во Дојран.

Изработката на семинарската работа се состои во детализирање на елементи од Дојранскиот крај, Дојранското Езеро воопшто, состојбата со рибарството и аквакултурата во изминатиот период.

Мерки и активности за користење на рибите од риболовните води, за планско експлоатирање на рибите на одржлив начин, заштита на рибите, контролиран излов, подобрување на постоечките и имплементирање на нови риболовни техники за вршење стопански риболов, а се со цел зачувување на природните ресурси и снабдување на пазарот со квалитетна и безбедна храна (риба). Исто така, за дел од риболовните води се предвидуваат и активности за враќање на традиционалниот начин на риболов, а со тоа и на заживување на руралните подрачја.

Комплексноста, сложеноста и ефективноста која треба да ја донесе оваа семинарска работа се состои во зголемено искористување на капацитетот од Дојранското Езеро и придонес за развој на рибно производство кое може да донесе економско зајакнување на општината и побрз развој од аспект на туризмот.

**Клучни зборови**: рибарство, аквакултура, производство, дојранска риба, производи.

# Fishing and aquaculture in Dojran region

## ABSTRACT

Processed material fits entirely on the goal and is very useful contribution to the development of tourism in Dojran.

The preparation of seminar work consists of detailing the elements of Dojran, Dojran general state of fisheries and aquaculture in the past.

Measures and activities to use the fish in the fishing waters, the planned exploitation of fish in a sustainable way, protecting the fish, controlled exposed, enhancing existing and implementing new fishing techniques for carrying out commercial fishing, and in order to preserve natural resources and supply the market with quality and safe food (fish). Also part of the fishing waters are anticipated and actions to restore the traditional way of fishing, and thus the revival of rural areas.

Complexity and effectiveness that needs to make this seminar work consists in increasing the capacity utilization of Dojran Lake and contribution to development of fish production that can bring economic empowerment of the municipality and faster development in terms of tourism.

**Keywords**: fishing, aquaculture, manufacturing, Dojran fish, products.

**Вовед**

За зголемување на производството и квалитетот на рибите во рибничките капацитети и нејзиниот непречен пласман на пазарот, се предвидуваат мерки кои се во согласност со европските трендови во делот на аквакултурата. Секако, во предвид е земена издашноста и одржувањето на квалитетот на водените ресурси, климатските фактори и законските одредби за зачувувањето на квалитетот на водите кои од друга страна всушност го лимитираат производството на риби.

Аквакултурното производство во Република Македонија во голем дел се одвива во руралните области и предвидените мерки се комбинација на зголемување на производството со можност за реализирање на други економски активности како руралниот туризам, со што се отвора можноста за нови вработувања и задржување на населението во овие области.[104]

Одржливо рибарство е стопанисување и експлоатација на рибите преку риболов со спроведување на соодветни интервенции, особено во репродукцијата и спроведувањето на соодветни мерки за зголемување на густините и интензификација на производството. Подразбира планирано внесување (порибување) на риби во риболовните води.

Рибарството е гранка која е многу примамлива за стопанствениците, меѓутоа во нејзини рамки постојат многубројни нерегулирани односи кои го забавуваат нејзиниот развој. Во рамките на

[104] Програма за рибарство и аквакултура за наредните 12 години, (17/02/2012)

тоа е високата давачка за користење на природната вода во рибниците. Станува збор за природна вода која протекува низ рибниците, при што трпи големо органско загадување, поради што и се наплаќа давачката.[105]

## Рибарството и аквакултурата

Риболовниот туризам се одвива на хидрографските објекти и во овој селективен туризам учествува туристичката клиентела со специфични туристички потреби. Со оглед на тоа што условите за риболов се доста распространети и во географскиот простор радиусот на движење кај учесниците е релативно помал. Најчесто се работи за излетнички движења во непосредна близина на емитивните простори, со релативно краток престој без изразита сезоналност и со мала потрошувачка.

Риболовот претставува стопанисување и експлоатација на рибите по пат на нивно ловење со дозволени риболовни средства, без да се прават интервенции во процесот на нивното растење и размножување.[106]

Риболовот е значајна стопанска гранка чија задача е одгледување, ловење и преработка на рибите. Рибата има значајна улога во исхраната на населението.[107] Освен тоа, во некои земји од неа се произведува вештачко ѓубриво. Луѓето ја употребуваат рибата на повеќе начини и тоа, како солена, сушена или конзервирана.

## Риболовот на Дојранско езеро

Риболовот на Дојранското Езеро отсекогаш бил главна економска активност за локалното население. Во минатото, во светската научна литература езерото е претставувано како едно од најпродуктивните езера во Европа, играјќи значајна улога во обезбедувањето на локалното население со риба. Просечниот годишен улов претставувал 50% од вкупниот национален улов на риба во РМ (пред започнувањето на поинтензивна изградба на вештачки рибници).[108]

[105] Стевковска А., (16/10/2006), Утрински весник број 1035,
[106] Закон за рибарство и аквакултура, Сл. Весник на РМ, бр.7, (15/01/2008)
[107] http://mk.wikipedia.org/wiki
[108] Риболов, http://www.dojran-info.com

Езерските води веќе целосно го освојуваат со години сувото крајбрежје и ја покриваат постојната инфраструктура. Поволната хидролошка состојба последната зима ја заврши најголемата работа за Дојранското Езеро. Обилните врнежи и топењето на снегот од околните планини предизвикаа зголемување на приливот на сите природни водотеци кон езерото, како од македонска страна така и од грчка.

Реката Параскева од грчка страна со неколку стотици литри вода во секунда, моментално е најголемиот полнач на езерото. Во Дојран се надеваат дека поволната хидролошка состојба ќе го наполни езерото, со што во блиска иднина тоа приближно ќе го достигне водениот потенцијал од пред еколошката катастрофа.

## Состојбите во рибарството и аквакултурата

Рибарството е дејност која опфаќа стопанисување со рибите во риболовните води на начин со кој се обезбедува трајна репродукција и заштита на рибите. Риболовот може да се врши на сите риболовни води во Република Македонија со исклучок на подземните води, водите во посебно заштитените делови, водите во рибниците, полурибниците, кафезите, оризиштата и други одгледувалишта и во водите за кои постојат посебни акти за забрана.

Во делот на анализа на состојбите во рибарството се претставени статистички податоци за рибарството и аквакултурата во Република Македонија за еден поголем временски период, со цел да се согледа целовитоста на рибарството во Македонија, од моментот на неговото воспоставување како стопанска гранка, преку неколкуте значајни периоди и пресвртници во политичкиот, економскот и социјалниот живот во земјата, па се до денес.[109]

## Производство на риба

Производството на риби во Република Македонија се однесува на вршење стопански риболов од природните езера, како и од некои поголеми вештачки езера – акумулации и производство на риби во рибнички капацитети, односно аквакултура.

[109] Програма за рибарство и аквакултура за наредните 12 години, (17/02/2012)

Во минатото, според литературните податоци, Дојранското Езеро беше регистрирано како едно од најпродуктивните езера во Европа, имајќи важна улога во снабдувањето на локалното население со риба. Просечниот годишен улов на риба од ова езеро, претставуваше 50% од вкупниот улов во Република Македонија.

Во периодот од 1946-1986, просечниот годишен улов од езерото во Република Македонија опаднал од 529 тони на 323 тони. Крапот кој во периодот 1946-1955 учествувал со 13,4% во вкупниот улов, во периодот 1977-1987 опаднал на само 1,13%. Во исто време, уловот на црвеноперката (платницата) се зголемила од 51,65% на 74,25%. По 1990 година, годишниот улов на риба од езерото континуирано опаѓа. Во наредните неколку години, тој достигнува вредност од 70 тони годишно, за да во 2002 година падне на само 25 тони.[110]

## Аквакултурата и производството на риба во дојранско

За аквакултурното производство на риба во нашата Република не можеме да кажеме дека има долга традиција. Тоа како производна дејност започнало во почетокот на шеесетите години од минатиот век со изградбата на првите Топловодни рибници „Букри„ и „Бел камен “ во битолско и првите пастрмски рибници „Бањица„ и „Вруток “ во гостиварско. Овие пионерски зафати направени пред педесетина години, оставија длабока трага во рибопроизводството. Од тогаш па наваму, во Република Македонија изградени се повеќе рибници, како топловодни, исто така и ладноводни, а во последните десетина години вниманието и интересот за изградба на нови рибници и кафезни фарми е се поголемо.

Рибниот фонд во Дојранско се состои од дојрански крап, како и карашот кој во последните неколку години станува се подоминантен. Заради стопанисување со рибниот фонд, на риболовните води се образуваат риболовни подрачја, риболовни потнодрачја и риболовни ревири.

Рибарењето е единствена дејност за локалното население во Дојран кое со векови наназад живее од езерото. Процес и дејност која сеуште е недоволно развиена во овој крај, но која може да даде голем придонес за развој на туризмот и да ја зголеми економската моќ на општината.

[110] Програма за рибарство и аквакултура за наредните 12 години, (17/02/2012)

**Квалитет и преработка на риба**

Терминот преработка на риби се однесува на процесите поврзани со риби и рибините производи, помеѓу времето кога рибите се фаќаат и кога ќе се добие конечниот производ. Иако терминот се однесува конкретно за риби, во практика овој процес се употребува за сите водни организми фатени во вода за комерцијални цели, без разлика дали се фатени во дивина или се земени од рибници. Рибата е лесно расиплива, затоа главната преокупација во преработката на рибата е да се спречи расипување на рибата, и тоа останува грижа во текот на другите операции на обработката.

Преработката на риба може да се подели на: ракување со риба која е претходно обработена, на сурова риба и производство на производи од риба. Друга физичка поделба е филетирања и замрзнување на свежа риба за дистрибуција кон угостителските претпријатија на мало, кои произведуваат замрзната и конзервирана храна.

Задачи и мерки кои се однесуваат на аквакултурата се преработка и обработка на рибите и тоа:

- ✓ Усвојување на технологија за преработка на слатководна риба;
- ✓ Воведување на технолошки мерки за целосна обработка на рибите до финализација на производот во полу трајни производи од слатководна риба;
- ✓ Изградба на преработувачки капацитети за слатководна риба;
- ✓ Изградба на современи капацитети за складирање и чување на рибите – ладњачи.[111]

При определување на квалитетот на производите се вклучуваат многу карактеристики, но обично тоа е комбинација од надворешен изглед, мирис, вкус, хигиена на производот, трајност, адекватна обвивка, вид на преработка, начин на приготвување.

Контролата на квалитетот на аквапроизводот почнува со одгледувањето на хидробионтите. Тука се вклучува квалитетот на водите, храната, манипулациите во зависност од времето на вегетационата сезона. Целта на квалитативната контрола е да се одржуваат хидробионтите во свеж вид, колку е возможно во подолг временски период. Неопходно е хидробионтите од базените да се ловат внимателно, без да се трауматизираат, да се сместуваат оладени, во

[111] Закон за рибарство и аквакултура, Сл. Весник на РМ, бр.7, (15/01/2008)

прифатливи хигиенски услови и да им се нудат на консументите во најкраток временски интервал.[112]

**Резиме**

Рибарството како гранка, освен со неповолната економска состојба, е оптоварено и со намалување на постојниот рибен фонд, голема конкуренција, како и потешкотиите кои ги носи меѓународната интеграција. Јасно е дека одржливиот развој на рибарството мора да го вклучи и планирањето на интензитетот на риболовот, кој ќе овозможи урамнотежен и долгорочен одржлив улов, што подразбира одговорен и рационален пристап за искористување на рибниот фонд. Имајќи го ова во предвид, треба да се очекува уште посилен тренд во развојот на аквакултурата, за што неопходно е воспоставување на систем на еколошки стандарди и мерки кои на таквото производство ќе му овозможат подобра конкурентност.

Вкупното рибно производство во Република Македонија до 2020 год. се предвидува да порасне на 2.300 тони. Притоа, главната маса на порастот ќе ја чинат пастрмските риби (1.435 тони или 62% од вкупниот улов) и тоа претежно од рибниците.[113]

Богатството со риба, изградената инфраструктура, постоечките сместувачки капацитети, рибарската традиција и богатството со риба, го прават Дојранското Езеро високо атрактивно и со голем потенцијал за организирање на спортски натпревари од висок меѓународен карактер. Уредувањето на риболовната патека директно ќе влијае врз развојот на риболовниот туризам и развојот на регионот во целост.

**Користена литература**:

1. Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за општина Дојран, Локален комитет за изработка на ЛЕАП, септември 2005
2. Програма за унапредување на рибарството и аквакултурата во РМ, Институт за сточарство, Скопје, 2011

[112] Кожухаров С., (15/12/2011), Универзитет за туризам и менаџмент, Функционален пристап кон аквакултурата, Скопје
[113] Карактеристики на рибниот фонд, Рибарство, (2010), МК-НИ 041, стр.2

3. Профил на Општина Дојран, Општина Дојран 2007
4. Сектор за анализа на земјоделска политика, (2010), Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство, Скопје
5. Статистички годишник на РМ, Завод за статистика, 2004
5. Ташков Н., (2010), Производствен процес во угостителството, Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија-Скопје
6. Христиц Д., Бунјевац И., (1991), Гајење слатководних риба, Београд

**Интернет извор:**

http://dojran-info.com
www.mzsv.gov.mk, http://www.mzsv.gov.mk/files/Zakon
http://www.ribar.com.mk/
http://www.ribari.mk/